# ЗНМ: Одговорност за спречувањето на ТВ Алфа да известува од Мечкин Камен

Здружението на новинари на Македонија денеска соопшти дека бара одговорност за спречувањето на екипа на ТВ Алфа на 2. Август да известува од Мечкин Камен.

-Новинарските екипи имаат право и обврска да информираат од настани кои се од јавен интерес, а не да се попречуваат во вршење на нивната работа. За ЗНМ е недозволиво владини служби да спречуваат новинари професионално да ја вршат работат, посебно кога се работи за настани од отворен карактер. Бараме одговорност за ваквото однесување и во иднина да се воздржат од вакви постапки со една цел, а тоа е правото на информација на граѓаните да не биде повредено, соопштија од ЗНМ.

Користиме колачиња за да го оптимизираме Вашето искуство на нашата веб страна. Со кликање на "Прифати ги сите" се согласувате на користење на сите колачиња. Можете и да кликнете на "Избери колачиња" за да сами изберете кои ќе бидат активни.

Избери колачиња Прифати ги сите